# ЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ДОКУМЕНТИ, ЕЛЕКТРОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ

https://trusteid.mdt.gov.mk/wp-content/uploads/2020/08/%D0%97%D0%95%D0%94%D0%95%D0%98%D0%94%D0%A3-%D0%9A%D0%9E%D0%9D%D0%A1%D0%9E%D0%9B%D0%98%D0%94%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%9D-%D0%A2%D0%95%D0%A1%D0%9A%D0%A2-2020-1.pdf

НЕОФИЦИЈАЛЕН КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

(„Службен весник на Република Северна Македонија) бр. 101/19 и 275.19

Со овој закон се врши усогласување со регулатива (ЕУ) бр, 910/2014 на Европскиот Парламент и на советот од 23 јули 2014 за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ со CELEX број 32014R0910.

## 1.ОПШТИ ОДРЕБНИ

### Предмет

### Член 1.

(1) Со овој закон се уредува создавањето, складирањето и обработката на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(2) Со овој закон се уредува и употребата на електронските документи, електронскиот потпис и електронскиот печат и електронските доверливи услуги во управни и судски постапки.

(3) Предмет на уредување на овој закон се условите под кои се признаваат средствата за електронска идентификација издадени на физички и правни лица кои спаѓаат во рамки на регистрирана или признаена шема за електронска идентификација.